*Заедничка иницијатива за зајакнување на Ромското граѓанско општество на западен Балкан и Турција“ поддржан од ] вропската^ нија во рамките на повикот*

Europe

6

.

**Поддржано во рамките на проектот „Заедничка иницијатива за зајакнување на Ромското граѓанско општество на западен Балкан и Турција“. Авторот на публикацијата е одговорен за искажаните ставови. Ставовите искажани во извештајот не се ставови на Европската Унија.**

# Содржина

Вовед ....... 3
Методологија ....... 3
Владеење ....... 4
Препораки ....... 7
Антициганизам ....... 8
Препораки ....... 10
Образование ....... 11
Препораки ....... 14
Здравство ....... 14
Препораки ....... 17
Домување ....... 18
Препораки ....... 21
Вработување ....... 21
Препораки ....... 24

# Вовед

Процесот на креирање на јавни политики за Роми во Република Македонија (РМ) започнува во 2004 година при што креирањето на јавни политики за Роми во РМ како процес е наметнат од надвор за кој ромското цивилното општество работеше подолг период. Како дел од агендата за приближување кон ЕУ државата беше условена да започне да работи на интеграцијата на ромската заедница. Двата клучни национални документи кои беа усвоени во 2005 се Декада на Роми 2005-2015 и Стратегијата за Роми во Македонија 2014-2020.

Прв чекор кој беше преземен од страна на државата беше развивањето на Националната Стратегија за Роми 2005 – 2015, при што следеше и потпишувањето на меѓународната декларација “Декада на Ромите 2005 - 2015“, каде земјите потписнички се обврзаа дека ќе работат на намалување на јазот помеѓу Ромите и не-Ромите во четирите приоритетни области вработување, домување, образование, здравство и со посебен фокус на родовото прашање, дискриминацијата и политичкото учество. Врз основа на двата документи беа развиени Национални Акциони Планови (НАП) и Локални Акциони Планови (ЛАП). Целите и активностите на двата национални документи во периодот на имплементација се одвиваа испреплетено иако беа насочени кон интеграција на ромската заедница. Ваквиот процес главно се должи на лошата институционална поставеност која требаше да ги имплементира, мониторира и евалуира јавните политики за Роми.

# Методологија

Методолошката рамка која се применува во овој извештај во сенка комбинира квалитативен и квантитативен пристап. Ваквиот пристап обезбедува можност за сеопфатна анализа за тоа колку националните политики за Роми се имплементираат и со кои какви проблеми се соочуваа ромската заедница во Република Македонија

Овој извештај во сенка содржи примарни и секундарни податоци кои беа собрани и преточени во анализи и истражувања од страна на суб-грантистите кои се дел од коалицијата која што се формираше во рамките на проектот поддржан од Европската комисија „Заедничка иницијатива за зајакнување на Ромското граѓанско општество на западен Балкан и Турција“. Овој документ ги сублимира сите клучни наоди и нуди специфични препораки кон сите општествени чинители кои работат за вклучување на Ромите во општеството. Документот е поделен во шест области: владеење, домување, вработување, здравство, образование и антициганизам.

# Владеење

Република Македонија, како земја кандидат за влез во Европската Унија, секоја година добива извештај за напредок подготвен од страна на Европската Комисија. Во анализа на извештаите за напредок, државата добива препораки со цел да ги исполни критериумите за пристапување во Унијата, кои во голема мера ги покриваат принципите на добро владеење. Иако земјата се опоравува од длабоки политички превирања, владата до 2016 година има дополнителни препораки кои треба да се ревидираат и реализираат со цел да се стабилизира земјата и да се продолжи со напредокот кон Европската Унија. Пржино договорот[1], со кој посредуваа претставници на Европската Унија, беше еден од најважните чекори кон решавање на политичката криза од претходното манипулативно владеење од страна на владата предводена од страна на ВМРО-ДПМНЕ заедно со коалиционите партнери. Покрај договорот, итни реформи беа подготвени специјално за контекстот на Македонија од страна на Прибе[2] со неговиот експертски тим кои конкретно се однесуваа на владеењето на правото. Договорот и препораките директно укажуваа дека партиите ги злоупотребиле начелата на доброто владеење и подготвија директни мерки и методи за надминување на кризата и избегнување на понатамошни пречки.

Политичките партии како главни актери за надминување на кризата беа консултирани за да постигнат договор за стабилизација на земјата. Во преговорите учествуваа четири (4) политички партии (ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и ДПА), во кои беа вклучени две (2) македонски (ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ) и две (2) албански политички партии (ДУИ и ДПА). Овие преговори беа ограничени со објаснувањето дека овие партии се најголемите (во однос на електоратот) партии во земјата. Со оглед на претходната пракса и договори во Македонија со кои посредуваше Европската Унија, овие два дополнителни акти не беа исклучоци во однос на поканата на ромските политички партии во процесите. Процесот на преговарање се случуваше во затворени врати во кои учествуваа македонските и албанските партии во медијација на Европската Унија изоставувајќи ги останатите партии и етнички заедници како фактор во општеството.

Во контекст на ромските политички партии шест (6) од седум (7) активни ромски политички партии беа дел од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, која беше обвинета за корупција, манипулација и прислушување, додека една (1) партија беше дел од коалицијата што ја креираше опозициската СДСМ. Ниту една од ромските политички партии не учествуваше во коалиција со албанските партии. Иако ромските политички партии обезбедија целосна поддршка со својот електорат за владејачката коалиција и

[1] Договорот од Пржино. Достапен на https://goo.gl/xafGiC
[2] Препораките на Прибе. Достапни на https://goo.gl/ueB2Rt

опозицијата од македонските партии, сепак тие беа исклучени од процесите за стабилизација. Учеството во преговорите за иднината на државата остана ограничено, додека на ромските политички партии не им преостана ништо повеќе од тоа да дејствуваат во согласност со македонските партии. Без оглед на кризата и обвинувањата, шест (6) ромски политички партии ја поддржуваа ВМРО-ДПМНЕ, додека една (1) партија остана со опозицијата. По изборите и промената на владејачката коалиција, ВМРО – ДПМНЕ остана со поддршка од четири (4) ромски партии, додека пак коалицијата на СДСМ има поддршка од три (3) ромски политички партии[3].

Главен акт на кои се темелат политиките за Ромите во Република Македонија, покрај меинстрим политиките, е Стратегијата за Роми 2014 – 2020[4]. Преку овој документ се канализираат потребите и интересите на Ромите. Стратегијата како директен документ за подобрување на квалитетот и условите за живот на Ромите претставува посветеност од страна на владата за робусно справување со потребите на Ромите. Овој документ ги опфаќа нај алармантните општествени сфери каде што има потреба за напредок (вработување, образование, здравство, домување, култура, дискриминација и други меѓусебно поврзани проблеми). За овие теми постојат национални акциони планови и за некои од нив оперативни планови со прецизирани активности и очекувани резултати.

Институционалната инфраструктура за имплементација на оваа стратегија се потпира на Министерството за Труд и Социјална Политика и одделението за спроведување на Декадата односно Стратегијата за Роми. Во 2017 со новата влада во институционалната инфраструктура се вклучува и Министерот без Ресор[5] којшто ресорното делување го насочува кон имплементацијата на Стратегијата за Роми. Покрај ова министерство во координација на одделението учествуваат сите ресорни министерства (Министерство за Транспорт и Врски - Домување, Министерство за Здравство - Здравство, Агенција за Вработување – Вработување, Министерство за Образование – Образование, Министерство за Култура – Култура, Државен Завод за Статистика – за податоци поврзани со Ромите и др.) според темите кои го опфаќаат делувањето на стратегијата.

Сепак покрај прецизно дизајнираната стратегија со предвидени активности и резултати, владата заостанува во имплементацијата и напредокот на решавање на горливите проблеми на Ромите. Поради политичката криза, ромските прашања беа исклучени од националната агенда. Покрај тоа, владата ги пренасочува ромските прашања кои треба да ги решаваат кон решавање преку проекти и фондови на Европската Унија. На тој начин, владата ги минимизира буџетските средства за Ромите. Така, ромските прашања се

---

[3] Бриф. Заев: Формираме коалиција од 22 партии, предводена од СДСМ. Достапно на https://goo.gl/gfpeqW
[4] Стратегија за Роми 2014 – 2020. Достапна на https://goo.gl/ubvQVL
[5] Самка Ибраимоски. Министер без Ресор кој е задолжен за имплементацијата на Стратегијата за Роми 2014 – 2020 во Република Македонија. Достапно на https://goo.gl/7XTMMS

потпираат на проекти без систематски долгорочни промени за решенија за ромските проблеми во земјата. Ова беше исто така нагласено од страна на Европската комисија, потврдувајќи дека ромските граѓански организации станувaат фрагилни поради недостатокот на средства.

Според последниот извештај за напредок, постои недостаток на финансиски средства за националната стратегија која се потпира на инвестиции во структури за ефикасно спроведување на стратегијата. Од 2008 година, министерствата одвојуваат многу мал износ на финансиски средства за ромските прашања. Минималниот износ на ресурси постојано се распределува на селективни ставки на министерствата кои би се справиле со проблемите на Ромите. Овие износи се распределуваат без ревизија на приоритетите за ромската заедница во Македонија

Многу од ромските прашања кои се дефинирани од страна на Европската Комисија а ги има во стратегијата не се исполнети на систематски начин. Република Македонија сè уште заостанува во спроведувањето на препораките во сите општествени сфери поврзани со Ромите. Постои серија на препораки кои континуирано се повторуваат а се исто така дел од стратегијата поради неуспешното справување со ресурсите за Ромите и неуспехот во спроведувањето на мерките за справување со потребите на Ромите. Ромската заедница во Република Македонија живее во сиромаштија и претрпуваат лоши социо-економски услови и стандарди. Како што беше претходно забележано, прекршувањето на човековите права и дискриминацијата на Ромите, особено на жените Ромки продолжува .

Според последниот извештај за напредок, постои дискриминација на пазарот на трудот посебно кон жените и Ромки . Во однос на образованието, исто така континуирано се истакнува дека постои дис пропорционален број на ромски деца сместени во училиштата со посебни потреби. За овој проблем сеуште се молчи, иако Европската комисија постојано го известува ова прашање .

Покрај овие проблеми, политичката партиципација и застапеност на Ромите во институциите, како и медиумското покривање на ромскиот јазик и статусот на Ромите се уште е повторувачки проблем во земјата . Иако Ромите се застапени во владините тела, тие се уште се надвор од процесот на донесување одлуки на национално ниво. Постои недостаток на политичко влијание на ромските лидери, како и капацитет да се ангажираат во унапредување на ромските интереси на национално ниво. Проектите на ромските граѓански организации се во тек со цел да се справат со прашања кои државата не успева да ги покрие. Овие проекти се главно водени од донаторски фондови, додека распределбата на државниот буџет останува непроменета.

Неминовен факт кој мора да се забележи е тоа што во државата последниот попис е стар повеќе од 15 години. Бројките кои се проектирани од 2002 година се предвидува да варираат поради повеќе фактори меѓу кој тука се вбројува и миграцијата. Push и pull факторите на миграција, економската сигурност и други додатни фактори кои генерално влијаат на општата популација ја променија демографската структура на населението во државата. Покрај овие расположливи податоци, државните институции вклучително и државниот завод за статистика не располага со етнички сегрегирани податоци. Со тоа, всушност се застапува за број на Роми кои граѓанските организации одамна ја сметаат за поголема за разлика од официјалната бројка од пописот.

Со оглед на тоа што нема етнички сегрегирани податоци често проектите на владата или граѓанските организации не го знаат таргетот односно колкав е бројот на корисници. Ако нема податоци тогаш исто така често се случува да нема индикатори за успех, мониторинг и евалуација на мерките односно проектите. Поради фактот што недостасуваат капацитети за воспоставување на индикатори за успех, мониторинг и евалуација поделено е мислењето дали некој проект или некоја мерка е успешна или не.

Во однос на финансиските средства кои се наменети за Роми, главниот извор за институциите е владата. Со предвидениот предлог буџет генерално во некои ресори средствата се скратени а додека пак во некои има благо зголемување што не ветува голем прогрес. Покрај напорите за поголема буџетска застапеност на Ромите, сепак останува да се ко-финансираат многу од проблемите преку надворешни грантови од страна на различни донатори вклучувајќи ја и Европската Унија како еден од главните донатори за ромските прашања во државата.

## Препораки

1. Владата да го зголеми политичко учество на ромската заедница на национално и локално ниво преку именување на лица на раководни позиции кои би ја воделе имплементацијата на Стратегијата за Роми 2014 и 2020.
2. Владата да го зголеми буџетот за имплементација на изготвените Национални Акциони Планови 2015 – 2020 во приоритетните области за интеграција на ромската заедница. Исто така, локалните самоуправи најпрво да ги усвојат Локалните Акциони Планови 2017 – 2020, а потоа и да издвојуваат одреден процент за имплементација на локалните акциони планови.
3. Владата да донесе закон преку кој ќе се овозможи да се прибираат сегрегирани податоци за етничките заедници. Ваквиот чекор би придонел за подобар мониторинг и евалуација на досега постигнатиот резултат од имплементацијата на Стратегијата и другите проекти насочени кон интеграција на ромската заедница во Македонија.

# Антициганизам

Антициганизмот е специфична форма на расизам насочена кон Ромите, Синтите и останати групи кои што се стигматизирани како „цигани“ во окото на јавноста.[6] Овој термин како таков добива на се поширoко признавање од страна на институциите на европско ниво. Во Република Македонија антициганизмот како термин сеуште не е широко прифатен односно на истиот се гледа како на расизам, говор на омраза и дискриминација.

Според анализата на извештаите што ги изготвија FRONTEX, Бирото за демократија, и Советот на Европа, до 2014 година вратени се околу 20.000 Роми од македонските гранични премини. Поради тенденцијата на постојан раст на оваа бројка низ годините, може да се претпостави дека до крајот на 2016 година, околу 25.000 Роми би биле вратени од македонските граници. Може да се забележи дека најголемиот бран на враќањето Роми бил во 2013 година, кога биле вратени околу 6.700 луѓе од нашите гранични премини. Со оглед на тоа што според последниот попис во Македонија живеат околу 54.000 Роми, бројката од 25.000 вратени Роми изнесува скоро половина од вкупното ромско население во Македонија.[7]

Институтот за Европска Политика (ЕПИ) во својата анализа за овој проблем вели: “*Речиси сите припадници на ромската заедница што биле вратени од границите, а беа дел од ова истражување, сметаат дека се отфрлени, дискриминирани и третирани како граѓани од втор ред, што придонесува кон создавање на нивното чувство на не припадност во сопствената држава*”. Сите испитаници кои изјавуваат дека се различно третирани во споредба со останатите граѓани кои се припадници на други етнички заедници на граничните премини, или како што забележа Исмет: *“Само шо че не вида на граница... аеее не, не, врачај се. Ти си Рот бриши“*[8].

По реакцијата на ромскиот цивилен сектор, Министерството за Внатрешни Врски (МВР) реагираше преку соопштение до новинарите на 01.02.2016 година и потврди дека се водат вкупно 41 судски процес во судовите во Македонија поради тоа што припадниците на Ромската заедница се дискриминирани на граничните премини.[9] На истиот прес МВР прати укажување до граничната полиција да не ги дискриминира Ромите.

---

[6] Alliance against Antigypsyism. 2017. Antigypsyism - a reference paper. Достапно на https://goo.gl/nQbcLQ

[7] Исмаил Камбери. Слобода за движење, освен ако сте РомиДостапно на https://goo.gl/5Xz1Ae

8 Институт за Европска Политика. (2017). Ромите на македонските граници. Достапно на https://goo.gl/CGrNhM

9 Александра Денковска. Дискриминацијата на Ромите на граничните премини мора да престане. Достапно на https://goo.gl/N9nnyR

Во македонските медиуми во изминатите години може да се наиде на вести кои содржат предрасуди и стереотипи за ромската заедница. Интернет порталите честопати преведуваат вести од странски портали без да го наведат изворот на веста или пак да ја проверат нејзината веродостојност и да ја поткрепат со факти. Една од таквите вести говори за вест од соседството со видео поткрепа со стереотипни изрази од типот *"за Ромите не е невообичаено прерано да запловат во брачни води"*.[10]

Антициганизмот во медиумите се јавува во форма на градење на одредени наративи кои што најчесто рефлектираат негативни ставови и мислење кон Ромската заедница, кој подоцна преминуваат во негативно и насилничко однесување кој што ги таргетира Ромите[11]. Појавата е присутна кај македонските јавни личности и политичари, во конкретен случај кај реномирана актерка И.Р. и претседателот на политичката партија „Достоинство" С.А., кој што ги повикува *„Ромите да не прават цигански работи"* или пак актерката што смета дека *„Циганите се нарекуваат Роми поради политичка коректност"*.

Еден дневен весник својата насловната страница им ја посветува на Ромите. На сликата на насловната страница се наоѓа малолетно девојче со бебе во рацете седната на Камениот мост. Насловот на веста е *Децата од улица заслужуваат шанса*. Текстот се наоѓа на третата страница од весникот, а говори афирмативно за Дневниот центар за деца на улица во Шуто Оризари формиран од Здружението за заштита на правата на детето. Авторот на написот во една реченица ја потенцира етничката припадност на овие деца, а реченицата е така формулирана што кај читателот може да настане мислење дека само Ромските деца потекнуваат од дисфункционални семејства или дека само тие се препуштени на улицата: *„ Овие две момчиња од Ромска националност веќе четири години се редовни посетители на Дневниот центар, чиј примарен фокус е помошта на децата од дисфункционални семејства, препуштени на улица".*[12]

На национална ТВ станица забележан е уште еден прилог во кој не се води сметка за негативните ефекти од неговото емитување. Прилогот се однесува за сторено кривично дело силување и би се сметало за вообичаена вест да не ја содржеше следната реченица "*насилникот по националност Ром и претходно и бил познат на полицијата*". Ваквото известување не се случува кога се работи за лице кое припаѓа на друга етничка припадност односно во таквите случаи се користат иницијали.

---

10 За Се. ВИДЕО: Невестата двапати побегнала бидејќи младоженецот не знаел. Достапно на https://goo.gl/UgjcVc

11 Зоран Милошевски. Кукасти крстови и националистички графити на битолското училиште „Ѓорѓи Сугарев". Достапно на https://goo.gl/iVDvEa

[12] Нино Шкрињариќ. Децата од улица заслужуваат шанса. Достапно на https://goo.gl/nSsfWq

Во Септември, 2016 Европскиот Совет за Човекови Права изрази загриженост за Македонија поради случајот на 53 Роми кои биле дислоцирани од населбата „Полигон“ кои во Август 2016 останаа без покрив над главата и се сместија во шатори и други објекти од картони на крајот од градот[13].

Во средината на 2016 година Народниот Правобранител јавно реагираше поради уривање на импровизираните домови на околу стотина граѓани од ромската заедница, лоцирани под Скопското Кале до реката Вардар. Воедно, отвори предмет по сопствена иницијатива, при што со повеќе интервенции се обрати до Градот Скопје, до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје и Министерството за труд и социјална политика. За истиот случај претставка во име на повеќе граѓани достави и Европскиот центар за правата на Ромите со седиште во Будимпешта[14].

Комисијата за заштита од дискриминација во својот извештај за 2016 година утврдила директна дискриминација врз основ на боја на кожа во областа на пристап до добра и услуги. Во поднесената претставка лицето од ромска етничка припадност со неговото семејство се упатиле кон влезот на базенот „Бисер“ во Општина Аеродром, но не им бил дозволен влез поради бојата на кожата. При што, следниот ден лицето решило повторно да проба да влезат во базенот при што прво пробал да влезе со неговата сопруга и ќерка, а потоа со синот. Подносителот во претставката наведува дека на сопругата и ќерката им бил дозволен влез во базенот, поради тоа што имале бел тен на кожата, меѓутоа на подносителот и синот не им било дозволено да влезат во базенот „Бисер“.[15]

## Препораки

1. Република Македонија има слаба формална рамка за препознавање и санкционирање на говорот на омраза. Судската практика и принципот на неказнување укажуваат на потребата за кодифицирање и појасно дефинирање на членови во Кривичниот законик што го опфаќаат ова дело. Дополнително, имајќи предвид дека сексуалната ориентација како основа не е прецизирана, а според статистичките податоци е втора основа на омраза во државата, треба да биде наведена експлицитно.
2. Министерството за внатрешни работи и одделението за електронски криминал да заземат проактивна улога во спречувањето на говорот на омраза пренесен или поттикнуван по електронски пат. Воедно, да воспоставаат подобра соработка со локалните самоуправи и да потсетуваат на надлежностите за отстранување на говорот на омраза од јавните површини.

[13] Amnesty International. Macedonia 2016/2017. Достапно на https://goo.gl/FyFihV
[14] Годишен извештај на Народниот Правобранител за 2016 година. Достапно на https://goo.gl/hZM9Fx
[15] Годишен извештај на Комисијата за заштита од дискриминација за 2016 година. Достапно на https://goo.gl/HTv2jL

3. Казнените одредби во Кривичниот законик треба да понудат и алтернативни мерки за казнување на сторителите. Практични примери за доброволна работа во невладини организации со сторителите согласно основата на омраза кон индивидуа или група даваат поголеми резултати во процесот на реинтеграција и рехабилитација на сторителите покрај изречената затворска или парична казна.

# Образование

Предучилишно образование

Делот на предучилишно воспитание и образование во Република Македонија се соочува со три сериозни проблеми: недоволен и несоодветен простор за опфат на сите деца, недоволен кадар и недоволно финансирање од страна на буџетот на Република Македонија. Немањето соодветен капацитет за опфат на што поголем број деца директно ги засега и децата Роми чиј број е ограничен во проектот за инклузија на деца Роми во предучилишните установи кој го води Министерството за Труд и Социјална политика. Несериозниот пристап, бројните политички проблеми и ситуации резултираа со негативна рефлексија и во предучилишното образование. Причините за отсуство на децата од системот на предучилишни образование се повеќе бројни меѓу кои најважни се:

1) мал број на деца Роми се вклучени во предучилишното образование;
2) отсуство на рана социјализација и образовни искуства кај ромските деца кои се надвор од било каква форма на предучилишно образование и воспитание;
3) детскиот труд се користи во неформалниот економски сектор; - мрежата на предучилишни и училишни установи за прифаќање на сите ромски деца не е доволно развиена;
4) недостаток од наставници Роми за предучилишно воспитание; - Нема соодветен кадар за предучилишно образование сензитивен на потребите на децата припадници на ромската заедница.

Основно образование

Основното образование во Република Македонија е уредено со Законот за основно образование. Основното образование има задолжителен карактер за сите деца и трае девет години. Иако задолжително, институциите на системот се инфериорни и незаинтересирани во обезбедување на услови секое дете да биде опфатено со задолжителното основно образование. Бројните видливи и невидливи бариери овозможуваат исклучување на голем број деца од образовниот процес. Позначајни се следните:

1) Немање извод од книгата на родени и/или документ со којшто се потврдува местото на живеење, со што им се овозможува на недобронамерни или преполни основни училишта да одбијат да запишат деца;
2) Несоодветна база на податоци и теренски практики за задолжителен попис и запишување на децата во училиште;
3) Недоволното познавање на македонскиот јазик кога децата се запишуваат во прво одделение, и како резултат на тоа – неможноста да се следи наставата;
4) Голем број од запишаните деца се опсипуваат во текот на осумгодишното училиште, посебно по петтото одделение поради слаби пред знаења од претходните одделенија;
5) Нефлексибилниот однос на раководниот кадар и на стручната служба во училиштата во однос на уписната политика, посебно во училиштата каде што Ромите се во значително малцинство;
6) Ниското ниво на едукација (неписменоста) на родителите;
7) Отсуството на свест за важноста на образованието, посебно на родителите и на средината;
8) Слабиот успех на децата дејствува демотивирачки за продолжување на образованието;
9) Недоволната сензитивност на некои наставници и на стручните служби за проблемите и потребите на децата-Роми;
10) Постоењето стереотипи за Ромите.

<u>Средно образование</u>

Во Република Македонија во јавните средни училишта учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во одредено јавно средно училиште ако имаат до 10 % помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаење и вештини во соодветното училиште. Институциите надлежни за спроведување на задолжителното средно образование покажуваат слаб интерес за мотивација и помош на учениците Роми да го завршат средното образование или истите се насочуваат во несоодветни насоки во средното образование. Предизвиците во средното образование се:

1) Недоволен број на основци Роми кои се запишуваат во средно образование;
2) Недоволен број на запишани Роми во стручните средни училишта;
3) Поголема број на ученици предвреме го напуштаат средното образование;
4) Недоволна вклученост на децата Роми во вон наставните програми во средните училишта;

5) Осипување на Ромските ученици во средното образование;
6) Слаби резултати/ успех видно понизок од просечниот успех на останатите ученици;
   - Нередовност и постојано отсуство од редовна настава;
7) Отсуство на релевантна понова статистика за бројот на деца Роми на возраст за средно образование (возрасна група 14/15-18 години);
8) Добар дел од ромските ученици влегуваат во средно образование со помали предзнаења од основно, па затоа сеуште постои откажување на учениците Роми во средното образование;
9) Несоодветни и нефункционални насоки во средните училишта кон кои се насочуваат учениците Роми.
10) Висока стапка на средношколци Роми кои се под висок ризик да го прекинат и/или да го напуштат образованието заради привремени внатрешни и/или надворешни миграции (преселба заради сезонска работа, случаи на лажно барање азил) или заради рани бракови.

<u>Високо образование</u>

Споредено со периодот пред десет години трендот на запишување во високо образовните институции кај припадниците на ромската заедница е во нагорен тренд. Ова го овозможува пред се Ромскиот образовен фонд со седиште во Будимпешта преку стипендиите кои ги доделува во сите три нивоа на високо образование - додипломски студии, магистерски студии и докторски студии во соработка со Министерството за образование односно Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците. Средствата за стипендии за Роми студенти иако договорено да бидат институционализирани и дел од годишниот буџет на Република Македонија, истите се водат на посебна донаторска сметка, која доколку нема средства од донаторите ќе биде затворена. Ваквата состојба доведува до деинституционализација на тенденцијата на промотивни и афирмативни мерки за упис на факултет на учениците припадници на ромската заедница. Законот за високо образование и Универзитетите во Република Македонија даваат широки можности и различен спектар на студии за заинтересираните студенти. Тренд кај припадниците на ромската заедница е студирањето во општествените науки додека техничките факултети, инженерските и природните науки не се предмет на интересирање. Сериозен проблем е слабиот интерес за насоките на педагошките факултети кои долгорочно не продуцираат наставен кадар од припадниците на ромската заедница. Недоволен број на Роми студираат на некој од медицинските факултети.

## Препораки

1. Владата на Република Македонија преку Министерството за труд и социјална политика да алоцира финансиски средства од буџетот за отворање на Центри за ран детски развој во соработка со општините и да се зајакне инфраструктурата на детските градинки преку зголемување на капацитетите и отворање на нови со цел што поголем опфат на Ромските деца во предучилишните установи.
2. Да се измени законската регулатива и да се креираат механизми кои ќе овозможат завршување на основното образование на децата повратници од странство баратели на азил, деца кои подолго време отсуствувале од наставата од различни причини и да се пристапи кон измена на Законот за средно образование со воведување на насоки кои соодветствуваат на побарувачката на пазарот на трудот;
3. На ниво на локална самоуправа да се преземат мерки за измена на правилниците за реонизација при упис во основно училиште и да се креираат услови кои нема да доведат до сегрегација на учениците Роми или нивна изолација во само едно училиште.

# Здравство

Како еден од најважните национални документи за областа на здравството во Македонија е усвоената Стратегија 2016 - 2018 на Министерството за Здравство. Во стратегијата, како приоритети се наведени следниве елементи[16]:

- Продолжување на реформите, модернизација и унапредување на здравствениот сектор;
- Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување на здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението;
- Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терцијална.

Стратегијата ги таргетира сите граѓани на Република Македонија, сепак одредени трендови во имплементација на истата можат да се забележат. Прво, во делот на модернизација, не е предвидено модернизирање и унапредување на работата на амбулантата во Шуто Оризари иако важи за урбана општина. Шуто Оризари е единствената македонска општина со мнозинство на ромска популација, во која условите на здравствениот дом се под секаков просечен стандард. Второ, во делот на здравствената заштита на мајките и децата во Република Македонија во акционите планови предвидени биле антенатални прегледи на 1500 Ромки во 2016, сепак резултати за постигнатите цели нема. Имено, нема извор на информации за бројката на антентални прегледни на жени Ромки за период од Јануари - Декември 2016.

[16] Министерство за Здравство. Стратешки План 2016 – 2018. Достапно на https://goo.gl/ioC82R

Следен битен елемент е информацијата за одвоените средства од буџетот за Роми. Односно, Министерството има одвоени средства за работно ангажирање на 30 ромски здравствени медијатори во 18 општини на територијата на Република Македонија во рамки на проектот „*Ромски здравствени медијатори во Република Македонија*.“

Конкретно за Шуто Оризари како општина, во стратегијата е предвидено да се одвојат финансиски средства за обезбедување на гинеколог во амбулантата кој ќе оди еднаш неделно да прегледува во таа општина. Имено, во последните неколку години, проблемот со немање на гинеколог во општина Шуто Оризари е еден од најважните и најчестите спомнати проблеми од страна на заедницата. После неколку обиди за решавање на проблемот, токму во почетокот на 2017 година[17], новата Влада успеа да донесе матичен гинеколог да работи во оваа општина со перманентен статус. Националната стратегија за Роми во областа на здравство ги вклучува мајките, бремените жени и децата помеѓу клучните задачи за период 2014-2020. Подетално, конкретни проблеми кои се опфатени со стратегијата од областа на здравство се[18]:

- Прекршување на правата од здравствена заштита и осигурување кај пациенти Роми поради нееднаков третман од страна на здравствени работници во давањето услови и информации
- Ограничен пристап на Ромите до правото на здравствено осигурување поради честите измени и дополнувања на законските регулативи и воведување на сложени административни процедури
- Ограничен и ненавремен проток на информации во ромската заедница за начинот на остварување на правата од здравствена заштита и здравствено осигурување
- Недоволна опфатеност на Ромите со услугите од превентивна, примарна и секундарна здравствена заштита
- Ограничен пристап до гинеколошки услуги и анентална заштита на Ромките
- Проблеми во областа на репродуктивно здравје и СПИ
- Недоволен опфат на децата Роми од 0-18 години со вакцините од календарот за имунизација
- Недостаток од медицински кадар Роми во здравствени установи

Друг важен аспект кој не е опфатен во стратегијата во делот за здравство е последниот предизвик со кој се соочија граѓаните со пониски примања и невработените лица оваа година, а се однесува на обврската да поднесуваат изјава за остварени приходи за претходната година, во постапката за продолжување на правото на здравствено осигурување со која се потврдува дека немаат повисоки примања од 96.600 денари во претходната година. Очигледна е поврзаноста на предизвикот со ромската заедница, доколку се земе во предвид дека најголемиот дел од заедницата се примател на социјална помош. Имено, периодот за исполнување на оваа обврска, според повикот на Фондот за здравствено осигурување, беше од 1.02.2013 година до 31.03.2013 година при

[17] Министерство за Здравство. Жените во скопската општина Шуто Оризари од денес добиваат гинеколог. .Достапно на https://goo.gl/zdwMaz
[18] Министерство за Труд и Социјална Политика. Стратегија за Роми 2014 - 2020. Достапно на https://goo.gl/jANPDX

што на 50% од евидентираните осигуреници им прекина правото на здравствено осигурување во април 2013, поради неподнесување на изјава за остварени приходи, а потоа за да можат повторно да го остварат правото имаа обврска да поднесат нова пријава и комплетна документација за сите членови на семејство (како лица кои го остваруваат правото по прв пат). Доколку се земе во предвид процентот на невработени и нивото на сиромаштија помеѓу ромската заедница, може да се претпостави дека значително е висок бројот на Роми кои го изгубиле правото на здравствено осигурување во оваа постапка. Меѓутоа поради недостатокот на сегрегирани податоци по етничка припадност, точниот процент не е дефиниран и со тоа не е утврдена реалната тежина на оваа административна процедура за ромската заедница.

Националните Акциони Планови за здравство[19] произлезени од Стратегијата за Роми се доволно добри за унапредување на здравствениот статус и пристапот до здравство на Ромите, но недостига соодветна алокација на буџетски средства и политичка волја за давање на приоритет на лошиот здравствен статус на Ромите. Исто така, голем проблем претставува и неможноста да се прибира податоци конкретно за една етничка група.

Медицинскиот персонал го негира постоењето на дискриминаторски практики кон ромски пациенти, но податоците од истражувањата од терен спроведени од невладините организации укажуваат на неможноста на дел од Ромите целосно да ги уживаат нивните права на здравствена заштита и на дискриминација во третманот на Ромите како пациенти. Така на пример, пред основните судови во Прилеп, Битола и Кочани во изминатите три години поведени се судски постапки за 4 случаи на пациенти Роми, каде во кривични и граѓански постапки се докажува сомневањето за прекршување на правата од здравствена заштита поради пропусти во лекувањето и давањето здравствени услуги, како и пропусти во однос на пристапот до информации за здравствената состојба.

По неколку годишна имплементација на проектот, Институтот за јавно здравство на РМ[20] спроведе извештај за работата на здравствените медијатори за 2016 година. Според нивната евиденција[21], во истата година биле активни вкупно 11 РЗМ во 8 општини. Според извештајот на Институтот од вкупно 1727 реализирани услуги, 806 се за здравствена заштита, 497 за административна помош за лична документација и 424 се за остварување на правото на парична социјална помош. Генерално, анализата покажува дека Ромските здравствени медијатори успешно ги спроведуваат работните задачи, што покажува и зголемениот број на дадени услуги споредбено со 2013. Сепак, и покрај функционирањето на програмата, констатирани се следниве предизвици со кои се соочува РЗМ а кои сеуште не се решени:

- намален број на РЗМ во 2016 споредено со 2013 (ваквото намалување има директен ефект во оние општини во кои работата на медијатор е преземена само од едно лице).

---

[19] Национален Акционен План за Здравство 2015 – 2020. Достапен на https://goo.gl/4UejEb

[20] Институтот за Јавно Здравство. Извештај за работата на ромските здравствени медијатори во Република Македонија за 2016 година . Достапно на https://goo.gl/RHuoHN

[21] Исто

- статусот на вработување на неопределена време е сеуште нерешен
- неискористени нови едуцирани кадри на РЗМ во општини во кои има намален број
- напуштање на работата од страна на медијаторите во Штип, Гостивар и Куманово
- таргетираната група со која работата РЗМ сеуште живее во несоодветни услови со ниски економски примања и несоодветен социјален статус.

Речиси во сите мерки за остварување на целите и постигнување на резултатите во областа здравство при Стратегијата за Роми се споменуваат и Ромските Здравствени Медијатори (РЗМ), кои останување едни административците со најмногу работни задачи. Според медијаторите клучните предизвици на ромската заедница за периодот од 2016 година сеуште се "*Немање на лична документација (особено деца кои не се регистрирани во матична книга на родени), оддалеченоста и немање достапност до Амбулантата на Бездомните семејства лоцирани во близина на Скопје (Под Кале) и др. локации. Немање на матичен лекар Гинеколог, жените кои имаат не прават редовни прегледи кога се бремени, затоа што прегледите им се наплаќаат иако се бесплатни. Поради сиромаштијата повеќето наши корисници на услуги на РЗМ, кога имаат потреба да отидат на специјалистички прегледи или кога треба да користат болничко лекување истото не го прават затоа што немаат пари да ги платат здравствените услугите а, со тоа нивното здравје им се влошува*" (интервју со ромски здравствен медијатор).

За 2016 година опфатени се 5942 лица, од кои 1436 се за прв пат посетени од РЗМ. Од социо-економски аспект поголем дел од овие лица имаат семејства со повеќе од 2 издржувани лица, 14,6% од семејствата немаат здравствено осигурување и 56,2 од посетените семејства немаат соодветно квалитетно живеалиште.

Главни податоци за здравјето на Ромите добиени од 11 РЗМ од 8 општини:

- Во текот на 2016 година, откриени се 1384 невакцинирани или нередовно вакцинирани деца и 870 возрасни лица, од кои 1037 од упатените деца се вакцинирале
- Во вкупниот број на посетени семејства, ромските здравствени медијатори откриле 15 лица со попреченост или 8 машки и 7 женски лица
- 981 лица биле упатени да извадат лична документација, што им било предуслов да добијат и други бенефиции од областа на здравството, социјалната заштита и слично

## Препораки

Според состојбата се воочуваат одредени препреки во целосно остварување на правата на здравствена заштита и соодветен пристап до здравствени услуги. Поради тоа се препорачуваат следниве аспекти кои во иднина треба да се земаат во предвид при креирање на национални акциони планови или проекти и програми за Роми:

- Креирање на алтернативни решение во вид на програми за Роми кои во моментот немаат лична документација. Овозможување на бесплатно лекување на Роми корисници на социјална парична помош

- Посебни конкурси за вработување на здравствен кадар Роми во здравствени институции како долготрајно институционално решение
- Лоцирање на поголеми буџетски средства за имплементација на националните акциони планови од Стратегијата за Роми. Со тоа ќе се овозможи и проширување на работата на некои механизми кои се покажаа како успешни. Пример зголемување на бројот на вработени медијатори и општини во кои делуваат.

## Домување

Пристапот до адекватно домување беше еден од главните приоритети на Декадата за Инклузија на Ромите 2005-2015. Сепак и после десет години од спроведувањето на Декадата нема некои видливи промени во оваа област. Податоците говорат дека 63% од ромското население во овие заедници живее во објекти од цврста градба, 7,25% од семејствата живеат во импровизирани куќи изработени од не градежен материјал (картон, најлон, алуминиумски лимови, пластика, итн.) и 29,5% во руинирани и монтажни објекти. Домовите на ромските семејства се мали, планирани за извршување и обезбедување на основните животни потреби, при што повеќе од 50% од населението располага со животен простор од помалку од 5 квадратни метри по член од семејството[22]. Според податоците изнесени во Стратегијата на Роми се претпоставува дека околу 70% од Ромите не поседуваат документација за сопственост на имотот во кој што живеат. Со оглед на овој факт, нова Стратегија 2014 - 2020 изготвена од страна на Министерството за Труд и Социјална Политика ја вклучува легализацијата и урбанистичката документација како специфична стратешка цел 11. Од оваа цел се очекува да се легализираат 70% од населбите населени со ромско население до крајот на 2017 година.

Малиот дел решени апликации според Законот за постапката за бесправно изградени објекти од 2011 година остава отворени прашања за вистинските перспективи за легализација на нелегалните населби населени со Роми (и други). Дури и во овој момент, имајќи во предвид дека одредени населби не се дел од урбанистичките планови на општините  може да се очекува дека значителен број на Роми ќе бидат оставени како бездомници по одбивањето на нивните барања за легализација и уривање на нивните живеалишта како што е предвидено со Законот.

Легализацијата на домовите на ромската заедница се одвива бавно имајќи во предвид дека Законот се спроведува повеќе од четири години, односно заклучно со 30.09.2015 година на ниво на цела Република Македонија решени се 113.096[23] предмети, односно

[22] Министерство за Труд и Социјална Политика во соработка со Националниот Координатор на Декадата и Стратегијата за Роми 2014-2020.

[23] Народен Правобранител на Република Македонија, Истражување за спроведување на постапката за утврдување на бесправно изградени објекти. Достапно на https://goo.gl/GUja9J015

само околу една третина од вкупно поднесените 344.293 барања за легализација на бесправно изградени објекти. Досега за вкупно 107.681 објекти е утврден правниот статус.

Според Народниот Правобранител на Република Македонија постојат голем број на причини за големиот број на нерешени предмети, меѓу кои се недоставување на геодетски елаборат и нерешените имотно-правни односи. Исто така се нотира дека При постапување по барањата за утврдување на правниот статус подносителите на тие барања не ги доставуваат неопходните Геодетски елаборати или истите се некомплетни поради што најголем дел од постапките се прекинати. Нерешените имотно-правни односи пред се со-сопственичките спорови и не спроведените оставински постапки, објекти бесправно изградени на земјиште на РМ, се најчестите причини за долгото траење на постапките и во такви околности општините донесуваат заклучоци за прекин на постапката со упатување сите спорни имотно-правни прашања да се разрешат во судска или во постапка пред нотар. При постапувањето по предметите, општините често се соочуваат со проблеми каде состојбата на лице место не се поклопува со катастарските подлоги или правата на земјиштето не се запишани во катастарот на недвижности. Ненавремено плаќање на комуналниот надоместок за утврдување на правниот статус исто така е фактор кој влијае врз големиот број на нерешени предмети[24]. По донесувањето на Законот идентификувани се група на проблеми со кои се соочуваа Ромите при процесот на аплицирање и легализација на живеалиштата. Најголем проблем во целиот процес беше личната документација односно немањето на правна положба за да го започнат процесот.

Во овој момент како најголема пречка за легализација на ромските живеалишта е местоположбата каде овие населби се изградени, односно има голем број на ромски населби што се наоѓаат на територија што според ГУП или ДУП не е предвидена за домување, а општините премногу бавно успеваат да ги усогласат урбанистичките планови со реалната состојба.

Дополнително има застој во дел од случаите пред се поради оставински постапки. Она што недостасува како би можел овој процес да се одвива побрзо е да се отвори подрачно одделение на Управата за имотно правни односи, како и дисперзирана канцеларија на Агенцијата катастар на недвижности во општината Шуто Оризари бидејќи таа сега е во Чаир[25]. Легализацијата на дивите градби во општината, чија бројка не е за потценување, се одвива со тешкотии поради недостаток на потребните документи од страна на барателите за легализација на дивоградбите.

---

[24] Ибид

[25] Граѓанска Асоцијација МОСТ. Извештај од јавната средба на пратениците со граѓаните одржана во општина Шуто Оризари. Достапно на https://goo.gl/rnhzSD

Од друга страна, загрижува фактот што не постојат податоци за бројот на ромски семејства кои го пропуштиле рокот за поднесување барање за легализација на бесправно изградени објекти. Изградбата на социјални станови се одвива бавно, а мал е бројот на Роми кои добиле социјален стан. Средствата што се издвојуваат за унапредување на инфраструктурата во ромските населби се премалку за да биде постигнат видлив ефект. Премал е бројот на позитивно завршени постапки за легализација на домовите на припадниците на ромската заедница. Некои општини воопшто не водат статистика за бројот на Роми кои поднеле барања, а некои општини сè уште немаат усвоено локални планови/стратегии за домување. Мрежа на Ромски организации која спроведе акција во девет општини утврди дека населбите во кои живеат Роми се без пристап до инфраструктура, не урбанизирани и без легален приклучок на водовод и канализација. Исто така утврдено е дека овие населби не се опфатени со урбанистичко-планска документација и дека процесот за легализација се одвива споро[26].

Клучот е всушност во урбанистичкиот план кој што треба да даде насоки и во постапката да се даде една урбанистичка согласност за можност на легализирање на бесправно изградени објекти. Во голем број на општини ваквите населби не се опфатени во урбанистичките планови и поради тоа овие објекти не се третираат како објекти за домување. Искуството покажува дека државните институции на централно ниво не се вклучуваат за да се помогне во овој процес, за кои би требало да бидат вклучени. Сите градови имаат застарени урбанистички планови и треба да се изработуваат нови урбанистички планови – генерални каде што ќе се третираат одредени населби и тука би требало државата да најде начин да се вклучи во финансирање на изработка на урбанистички планови. Бесправно изградените населби коишто ги има по одредени градови, коишто инфраструктурно не се опремени треба да се опремат и тоа да биде на некој начин со финансиски средства што ќе бидат одделени од страна на локалната самоуправа. Оние населби покрај реките во кој што Ромите живеат се со супстандардни услови, меѓутоа истите имаат поднесено барање за легализација но многу тешко би можело да се заврши процесот на легализација затоа што нема услови за истото.

Локалната самоуправа се соочи со големи проблеми во процесот на легализација бидејќи законската регулатива не ги даде сите одговори на предизвиците коишто се појавија па поради тоа државните институции треба да и помогнат на локалната самоуправа за да се справи со легализацијата. Се претпоставува дека овој цел процес на легализација ќе трае и повеќе од 10 години.

---

[26] Нова ТВ. 2016. Ромите тешко стигнуваат до легализација на куќите. Достапно на https://goo.gl/kd1HT8

## Препораки

1. Општините да подготват нови или да ги изменат деталните урбанистички планови во општините каде што ромските населби не се дел од истите. Во овој дел клучна улога треба да има централната власт со финансирање и стручна помош на тие општини, бидејќи некои општини како на пример Шуто Оризари не се финансиски и стручно способни да го започнат овој процес. Исто така доколку општините одлучат да спроведат нов детален урбанистички план во кој што ќе ги вклучат ромските населби, за истиот план да се консултира и локалното население, бидејќи тоа ќе осигура дека урбанистичкиот план ќе одговори на потребите на ромското население особено во делот на пристап до основни комунални услуги и одржлив урбан развој.
2. Локалните власти да спречат нелегалните ромски живеалишта да резултираат во бездомништво. На оние лица на кои им се одбиени барањата за легализирање на нивните живеалишта пред евентуално уривање на нивните домови да им се понуди алтернативно сместување во социјални станови од страна на општините.
3. Средствата за социјални станови треба да бидат обезбедени од страна на Владата и локалната самоуправа преку своите општински буџети. Секако за реализирање на овој план свој до принос може да имаат и донатори кои преку своите финансиски средства може да го потпомогнат овој процес. Сепак да се напомене дека главните финансиски средства треба да дојдат од буџетот на државата, а не од донаторите. Во случај на дислокација на ромските населби засегнатата популација треба да биде преместена само во урбаните средини.

# Вработување

Невработеноста во Република Македонија е долгорочен феномен кој е тесно поврзан со економскиот развој на земјата и како таков е приоритет на Владата на Македонија, Вработувањето е главен стратешки приоритет на Република Македонија за кој е предвидено во периодот 2014-2018 да се зголеми економскиот раст, вработувањето и порастот на квалитетот на живот[27]. За оваа цел Владата дизајнираше различни политики поврзани со економскиот развој и вработувањето во државата.

Статистичките податоци во извештаите говорат дека Република Македонија се соочува со висока стапка на невработеност од нејзиното осамостојување, достигнувајќи речиси 40% во текот на 2005 година и тренд на намалување на рекордни 23,4% во 2016 година[28]. Исто така, според извештаите на Заводот за статистика во 2016 година активната работна сила

[27] Влада на Република Македонија. Стратешки приоритети и цели. Достапно на https://goo.gl/S6iwZ1
[28] Trading Economics. “Macedonia unemployment rate”. Достапно на : https://goo.gl/DzSZYX

во Република Македонија (вработени и невработени) броеше 948,599 лица од кои 723,550 вработени и 225,049 невработени лица. Според тоа стапката на активност во тој период изнесуваше 56% од кои стапката на вработеност изнесуваше 43,1% додека пак стапката на невработеност 23.7%[29]. Сепак доколку се анализираат бројките, од една страна се забележуваат позитивни подобрувања во економскиот развој и учество на работната сила што покажува дека македонските власти успешно ги имплементирале поставените цели. Додека пак од друга страна, доколку се направи подетална анализа може да се забележи реалната состојба која всушност останала непроменета дури и се влошила во пазарот на работната сила особено во вработувањето во јавниот сектор.

Во последната декада стапката на невработеност во Македонија нагло се намали за речиси 20%. Голем број на експерти сметаат дека стапката на невработеност е вештачки намалена поради поделбата на активни и пасивни баратели на работа. На крајот на 2012 година со измените на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, работната сила е поделена на две категории:

- „невработено лице” е лице кое не е вработено, активно бара работа;
- „друго лице кое бара работа” е економски активно или неактивно лице кое се евидентира во Агенцијата, но не бара активно работа и/или не е подготвено да прифати работа.

Дефиницијата за овие две категории креираат збунетост во разбирањето на термините. Терминологијата активно бараат работа е користена во двете категории и креира тешкотии во утврдувањето на тоа кое лице активно бара работа. Дефинирањето на овие две категории креира конфузија во разбирањето на термините. Терминот “активно бара работа” се користи во двете категории, и креира тешкотии во утврдувањето кое е лицето кое активно бара работа. Дали е тоа лицето кое е регистрирано како невработено или лицето кое е регистрирано како активен барател на работа.

Згора на тоа, недоразбирањата по однос на овие дефиниции особено влијаат на ромската популација бидејќи истите се регистрирани како пасивни баратели на работа без да знаат што всушност тоа значи. Според, наодите на Хелсиншкиот Комитет, поголемиот број на Роми наместо да бидат регистрирани како “активни баратели на работа или невработени” тие се регистрирани единствено како пасивни баратели на работа без да знаат за постоењето на овие две групи[30].

---

[29] Државен завод за статистика. Активно население во Република Македонија резултати од анкетата за работната сила во 2016. Достапно на https://goo.gl/9RQCpd

[30] Хелсиншки комитет за човекови права. Анализа помеѓу имплементација и реалност на националната стратегија за инклузија на Ромите- Декада на Роми 2005-2015. Достапно на https://goo.gl/sC4QQX

Како последица на недостатокот на информации, образование и искуство, Ромите многу тешко се интегрираат во пазарот на труди и истите останувaат во ранлива позиција. Тоа значи дека новата дефиниција за работна сила не само што креира разлика помеѓу Ромите и не-Ромите но исто така го зголемува дискриминаторскиот пристап на институциите кон работната сила.

Праксата покажува дека поделбата на работната сила на активни и пасивни баратели на работа има дискриминаторски однос кон ранливите заедници, бидејќи наместо интеграција во пазарот на трудот истиот произведува јаз помеѓу двете групи. Особено, состојбата на Ромите во областа на вработувањето е влошена, 41% од Ромите се долгорочно невработени, а јазот на неформална работа е за 40% повисок за Ромите од не-Ромите. Вкупно 59% од Ромската популација работи во неформалниот сектор[31]. Исто така, стапката на младите NEET (лица кои не се во образование, вработување или обука) е значително повисока за разлика од не-Ромите. Вкупно, 69% од младите Роми не се во образование, вработување или обука; 68% од целокупната Ромска популација не поседува работно искуство[32]. Дополнително, според поделбата активните баратели на работа еднаш месечно (период од 30 дена) се должно да се регистрираат во Агенцијата за Вработување додека пак пасивните баратели на работа се должни да се регистрираат еднаш во шест месеци. Доколку лицето е регистрирано како пасивен барател на работа, тогаш тоа лице е подобно да ги користи мерките на Агенцијата за Вработување. Тоа значи дека доколку некое лице сака да ги користи активните мерки треба да го смени статусот од пасивен барател на работа во активен барател.

Република Македонија теоретски дизајнираше голем број на политики и програми поврзани со вработување на Роми кои на крајот не успеаја да ја достигнат посакуваната цел.

Со цел да се интегрира ромската заедница во општествениот живот како и да се зголемат нивните можности за вработување, Министерството за труд и социјална политика, заедно со Агенцијата за вработување правеа посебни политики и програми поврзани со создавање на работни места и вработување на Роми. Според Агенцијата за вработување, во 2014 година бројот на Роми учесници во активните мерките се зголемил за четири пати повеќе споредбено со 2010-та година (од 133 учесници во 2010 на 632 учесници во 2014-та година)[33]. Сепак споредено со не-Ромите бројот на Роми кои учествуваа во овие мерки е многу мал, бидејќи споредено со просечната стапка на невработеност, стапката на невработеност кај Ромите се зголемила за два пати.

---

[31] Секретаријат на Декадата за Роми. Индекс за ромска инклузија. Достапно на https://goo.gl/efhGZE

[32] Ибид,

[33] Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико. Проценка на главните политики за Роми.

Во 2013 година, имало вкупно 8,118 Роми регистрирани како невработени, од кои 6,461 биле регистрирани како активни баратели на работа и 1657 Роми регистрирани како невработени. Во график 1, може да се видат бројките на Роми регистрирани како невработени во периодот 2003-2017-та година[34]. Официјалните информации не се согласуваат со неофицијалните податоци за реалната бројка на невработеноста кај Ромите. Според Агенција за Вработување на Република Македонија во Декември 2016 година бројот на регистрирани Роми кои се невработени изнесува 6201 лица од кои 2323 се жени.

Сепак според истражувањето[35] спроведено од Дениз Селмани се забележува дека мерките и програмите за претприемништво во 12 општини кои биле предмет на анализа се минорни по квантитет и квалитет. Затоа и самото влијанието за раст и развој на претприемништвото е доста мал. Но, истите имаат одреден позитивен ефект во намалување на невработеноста кај ромската заедница. Како главни проблеми поради кој ромската заедница не може да се вклучи во користењето на програмите и мерките се критериумите кои се поставени од страна на Агенцијата за Вработување на Република Македонија.

## Препораки

1. Агенцијата за вработување на Република Македонија во соработка со ромските цивилни организации да работи на изменување на постојните критериуми кои уште во старт не им даваат можност на Ромите да се вклучат во нивно користење.
2. Потребно е Агенцијата за вработување на Република Македонија да ја смени законската регулатива преку која ќе им се даде пристап на пасивните баратели на работа да учествуваат во користењето на сите активни мерки и програми.
3. Државните институции да развијат едукативни програми поврзани со социјално претприемништво преку кој ромската заедница ќе има можност да се самовработи.

---

[34] Хелсиншки комитет за човекови права. Анализа помеѓу имплементација и реалност на националната стратегија за инклузија на Ромите- Декада на Роми 2005-2015. Достапно на https://goo.gl/sC4QQX

[35] Дениз Селмани, Анализа на Политиките за претприемништво во Република Македонија за надминување на "ДРУГОСТА" кај Ромите, 2016

**Поддржано во рамките на проектот „Заедничка иницијатива за зајакнување на Ромското граѓанско општество на западен Балкан и Турција". Авторот на публикацијата е одговорен за искажаните ставови. Ставовите искажани во извештајот не се ставови на Европската Унија.**